# 277. ДО ТРИ МИ ПУШКИ ПУКНАЛЕ




До три ми пушки пукнале,
до три јунаци падналe,
до три ми мајки расплакале,
Стојанова мајка нај повеќе.

Стани ми сине Стојане,
да видиш Рајна в'довица,
со седум, осум дечиња,
девето дете над раце.

Не можам мајко да станам,
тешка ми земја врз мене,
високи камен над глава,
змија ми срце искапа.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995